ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

# ТАТО мојот суперхерој

## Ден на таткото








# Ден на таткото





Денот на таткото е ден во знак на благодарност до сите татковци и посветен на улогата на таткото која е од големо значење  во животот на децата, вклучувајќи ги во целина сите мажи кои се грижат за децата и нивниот развој – татко, дедо, чичко...
Секако дека улогата на двајцата родители е подеднаква важна за развојот, грижата, воспитувањето на децата, посветеноста на децата и нивно изградување во позитивни личности.
Вклученоста на таткото, грижата и поддршката во првите години од животот на детето во голема мера придонесува за емоционалниот и социјалниот живот, како и за поддигнување на квалитетот на животот на целото семејство. Улогата на таткото е подеднакво важна и за момчињата и за девојчињата, и по својата природа влијае е врз чувството на сигурност, стабилност, спокојност, модел според кој го формираат своето однесување , вредности. Секако еден од начините на создавање на блискост на таткото со детето е вклученост во игрите и заедничките активности. Во овие игри особено е важен квалитетот на интеракцијата, каде децата не само што ќе се секаваат на играта, туку и на чувството на поврзаност. Значајни се разговорите со детето за тоа што го интересира, следење на неговите интереси, насочување на правилно однесување, доверба во нив, достапност.
Градењето позитивни семејни релации се важен елемент за психо физичкиот развој на детето. Затоа потребно е нивно негување, зацврстување и континуирано одржување.

# Активности за денот на таткото

За одбележување на посебните денови понекогаш се потребни едноставни активности, но кои што се значајни за децата и оставаат трајни сеќавања во животот на децата






Портрет на тато

Омилена боја на тато

Омилен спорт на тато

Омилена храна на тато

Излезете и играјте топка со Вашето дете, дали тоа ќе биде фудбал, подавање со нога или рака зависи од Вас, доволно е да поминете забавно време заедно





Возете велосипеди- како плус активност може на паузите да ги сликате интересните пејсажи, а потоа да разговарате за интересно поминатиот ден





Направите нешто заедничко- доколку сте љубител на занаетски работи може заедно да направите куќичка за птици или да нацртате заедно слика или пак да зготвите нешто заедно





За на крај од денот може да организирате забавна филмска вечер со омилените пуканки.
Совршен крај за еден прекрасен поминат ден и одбележан Ден на таткото!



## „Мојот татко“

(песничка „Мојот татко“ од Златно славејче)

„Мојот татко баш е лав и од ништо нема страв,
тој се грижи ден и ноќ, има силна моќ.
Мојот татко таков е и за одмор незнае,
баш е силен како џин, јас сум негов син.
Кога јас ќе пораснам, него  ќе го наследам,
сега учам се од тато, исто како мојот бато.

Тато, татко мој ти си нашиот херој,
ти си вистински другар, татко најдобар!“





## Изјави на децата за таткото

„Јас со љубов го сакам тато“ - Јана
„Го сакам тато затоа што е мој тато“- Реззан
„Тато го сакам затоа што многу ме шета и гушка“-Леон
„Го сакам тато затоа што ми прави најубави јадења“-Софија
„Го сакам тато затоа што многу се сака со мама“-Андрија
„Го сакам тато затоа што е највисок“-Јована

Во знак на Благодарност до тато изработка на многубројни ликовни активности - портрет на тато, оригами кошули, кравати за тато, пехар за најдобар татко.













ТАТО
МОЈОТ
СУПЕРХЕРОЈ



# ВИ ПОСАКУВАМЕ СРЕЌЕН ДЕН НА ТАТКОТО!



Советувалиште за родители и деца
„РАСТЕМЕ ЗАЕДНО“

Подготвиле:
педагог Суеда Бајрактар
психолог Ценче Башоска